# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЧАШКА

| Службен Гласник на Општина Чашка Излегува по потреба | Број 24 Година XXIII 21.03.2018 | БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година**

Се објавува,Одлука за давање на Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/2**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр 5/2002),а во согласност со член 20 б од Закон за вработени во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16 и 35/18)и член 24 став 1 точка 15 од Статутот на општина Чашка(Сл.гласник на општина Чашка бр.8/07), Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018г. донесе

**О Д Л У К А**
**За давање на Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Чашка дава Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/4**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изменување и дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во општина Чашка**

Се објавува, Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во општина Чашка,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/1**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ” бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на ден 20.03. 2018 година ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Чашка за 2018 година

**1. ВОВЕД**

Со оваа Програма за Изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Чашка за 2018 година бр.08-1247/32 од 15.11.2017 година се планира изработка на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации, урбанистичко-проектни документации и општи акти за населени места и локации во Општина Чашка и истата претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отварање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси, зеленило и рекреација.

Планирањето се овозможува преку:

- изработка на Урбанистички план за село;

- изработка на Урбанистички план вон населено место;
- измена и дополнување на постојните урбанистички планови;
- изработка на локална урбанистичка планска документација
- изработка на архитектонско-урбанистички проекти
- изработка на проекти за инфраструктура
- изработка на општи акти

**2. ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачател на планот) склучува договор со правно лице кое поседува лиценца за изработка на урбанистичките планови. Со договорот се утврдува содржина на планот, роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

1. Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
2. Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање од заинтересирани правни и физички лица
3. Самофинансирање од заинтересирани правни и физички лица
4. Средства од Буџетот на Р.Македонија

Финансиските средства обезбедени од страна на општината, за реализирање на дел од оваа програма, се дадени во *Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Чашка за 2018 година*, во буџетската програма Ф1 – Урбанистичко планирање. Доколку во неа се обезбедат дополнителни финансиски средства, Програмата за изработка на урбанистички планови во 2018 година ќе биде соодветно дополнета.

Сите финансиски трошоци за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации, урбанистичко-проектни документации кои се по барање на правни или физички лица се на товар на барателот.

Урбанистичките планови за село и урбанистичките планови вон населено место, чија изработка е поврзана со обележувањето и вклопувањето на бесправните објекти, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, ќе бидат дополнително вклучени во годишната програма, соодветно на динамиката на легализирање на објектите и обезбедените финансиски средства.

За 2018 година се планира изработка на:

***<u>2.1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО</u>***

2.1.1 Урбанистички план за село н.Чашка
2.1.2. Урбанистички план за село Богомила
2.1.3.Урбанистички план за село Извор
2.1.4. Урбанистички план за село Теово
2.1.5.Урбанистички план за село Горно Јаболчиште
2.1.6.Урбанистички план за село Долно Јаболчиште

***<u>2.2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО</u>***

2.2.1 Урбанистички план вон населено место за дел од КП 8 и дел од КП 46, мв.Чеплес ,КО Папрадиште,Општина Чашка

***<u>2.3. ОПШТИ АКТИ</u>***

2.3.1 Општ акт за село Мелница
2.3.2 Општ акт за село Ореше
2.3.3 Општ акт за село Мартолци
2.3.4 Општ акт за село Бистрица
2.3.5 Општ акт за село Папрадиште
2.3.6. Општ акт за село Бањица
2.3.7. Општ акт за село Горно Врановци

***<u>2.4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА</u>***

Доколку општината има потреба за изработка на ЛУПД, за нејзината изработка одлука донесува советот на Општина Чашка и тоа представува основ за покренување на соодветната законска постапка за изработка на ЛУПД.

Заинтересирани правни и физички лица можат да достават до општината ЛУПД, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање

***<u>2.5 АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ</u>***

Архитектонско-урбанистички проекти (АУП) се изработуваат врз основа на донесени урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и општи акти, со цел за нивна разработка во случаите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Доколку општината има потреба за изработка на АУП, за неговата изработка одлука донесува советот на Општина Чашка и тоа представува основ за започнување на соодветната законска постапка.

Заинтересирани правни и физички лица можат да достават до општината АУП, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

***<u>2.6 ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА</u>***

За потребите на општината, како и по барање на заинтересирани правни и физички лица, а со цел изведба на линиски инфраструктурни објекти утврдени со Законот за градење, можат да се изработуваат проекти за инфраструктура.

Истите ќе бидат доставени за одобрување до општината, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

По склучување на договорот со изготвувачот на планот, согласно чл.26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, се изработува планска програма со која се утврдуваат границата и содржината на планскиот опфат. Планската програма се состои од текстуален и графички дел.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правното лице кое поседува лиценца за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.

Во зависност од потребите, оваа Програма може да се изменува и дополнува.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чашка".

**Бр.08-537/10**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 510/1 КО Војница во идна урбанистичко-планска докуменација**

Се објавува,Одлука за извршување вклопување на КП 510/1 КО Војница во идна урбанистичко-планска докуменација ,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/3**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 20.03.2018 ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за извршување вклопување на КП 510/1 КО Војница во идна урбанистичко-планска документација**

**член 1**

Советот на општина Чашка утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација во чијшто плански опфат ќе биде вклопена и КП 510/1 КО Војница, по барање поднесено од Златко Таневски од Велес.

**член 2**

Намената да биде усогласена со постојната класа на намени А-домување.

**член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" бр. 56/11, 162/12).

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службениот гласник на општина Чашка".

**Бр.08-537/9**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) ,Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 886 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација**

Се објавува, Одлука за извршување вклопување на КП 886 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација ,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/4**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" бр. бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација

(„Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 20.03.2018г. ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за извршување вклопување на КП 886 КО Мелница во идна урбанистичко-планска документација**

**член 1**

Советот на општина Чашка утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација во чијшто плански опфат ќе биде вклопена и КП 886 КО Мелница, по барање поднесено од Рамадан Капланов од Мелница.

**член 2**

Намената да биде усогласена со постојната класа на намени А-домување.

**член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12).

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службениот гласник на општина Чашка“.

**Бр.08-537/8**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 481 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација**

Се објавува,Одлука за извршување вклопување на КП 481 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација ,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/5**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр. бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 20.03.2018 г. ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за извршување вклопување на КП 481 КО Мелницаво идна урбанистичко-планска документација**

**член 1**

Советот на општина Чашка утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација во чијшто плански опфат ќе биде вклопена и КП 481 КО Мелница, по барање поднесено од Икмет Нурединов од Мелница.

**член 2**

Намената да биде усогласена со постојната класа на намени А-домување.

**член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12).

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службениот гласник на општина Чашка“.

**Бр.08-537/7**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 6541 КО Богомила во идна урбанистичко-планска докуменација**

Се објавува,Одлука за извршување вклопување на КП 6541 КО Богомила во идна урбанистичко-планска докуменација ,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка
Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски

**Бр.09-591/6**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр. бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 20.03.2018 г. ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за извршување вклопување на КП 6541 КО Богомила во идна урбанистичко-планска документација**

**член 1**

Советот на општина Чашка утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација во чијшто плански опфат ќе биде вклопена и КП 6541 КО Богомила, по барање поднесено од Грозда Ѓорѓиевска од Скопје.

**член 2**

Намената да биде усогласена со постојната класа на намени А-домување.

**член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12).

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службениот гласник на општина Чашка“.

**Бр.08-537/6**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) ,Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 269 КО Оморани во идна урбанистичко-планска документација**

Се објавува,Одлука за извршување вклопување на КП 269 КО Оморани во идна урбанистичко-планска документација ,што Советот на општина Чашка ја усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/7**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр. бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12), Советот на Општина Чашка, на седницата одржана на 20.03.2018г ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за извршување вклопување на КП 269 КО Оморани во идна урбанистичко-планска документација**

**член 1**

Советот на општина Чашка утврдува потреба за донесување урбанистичко-планска документација во чијшто плански опфат ќе биде вклопена и КП 269 КО Оморани, по барање поднесено од страна на Виолета Илиева од Велес.

**член 2**

Намената да биде усогласена со постојната класа на намени А-домување.

**член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12).

**член 4**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службениот гласник на општина Чашка“.

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка
Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски

**Бр.08-537/5**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка**

Се објавува Решение за формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018 г.
**Бр.09-591/8**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 44-48 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.8/07),Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018 година ,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка**

1.Со ова Решение се формира Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка

2.За членови во Советот за заштита на потрошувачи на општина Чашка,се избираат

Борче Анѓеловски -член на Советот

Тоше Талевски- сопственик на продавница во нас.Чашка

Аџо Биба –сопственик на продавница во с.Г.Врановци

3.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.
**Бр.08-537/11**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за спорт и млади**

Се објавува Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за спорт и млади,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018 г.
**Бр.09-591/9**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 45 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06),Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018 година ,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Претседател и членови во Комисија за спорт и млади**

1.Со ова Решение се избира претседател и членови во Комисија за спорт и млади

2.За Претседател на Комисија за спорт и млади,се избира-Рушит Садиков -член на Советот

3.За членови на Комисијата за Комисија за спорт и млади, се избираат

-Горан Стојановски-член на Советот

-Ибраим Исмаиловски -член на Советот

4.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.
**Бр.08-537/12**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за**

**определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка**

Се објавува Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018 г.

**Бр.09-591/10**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 45 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06),Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018 година ,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Претседател и членови во Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка**

1.Со ова Решение се избира претседател и членови во Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка

2.За Претседател на Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка,се избира

Фемих Бејлуров –претседател н на Советот

3.За членови на Комисијата за Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка, се избираат

-Жаклина Постоловска-член на Советот

-Елизабета Дојчиновска -член на Советот

-Ибраим Исмаиловски-член на Советот

-Тања Лефтерова-вработена во општина Чашка

4.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/13**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на стипендирии на талентирани ученици**

Се објавува Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на стипендии на талентирани ученици,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018 г.

**Бр.09-591/11**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 45 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06),Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018 година ,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Претседател и членови во Комисија за Претседател и членови во Комисија за определување на стипендии на талентирани ученици**

1.Со ова Решение се избира претседател и членови во Комисија за Претседател и членови во Комисија за определување на стипендии на талентирани ученици

2.За Претседател на Комисија за определување на стипендии на талентирани ученици,се избира Жаклина Постоловска – член на Советот

3.За членови на Комисијата за определување на стипендии на талентирани ученици, се избираат

-Халит Фератов -член на Советот

-Каме Мирчевски -член на Советот

4.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/14**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот

на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членови**

Се објавува Решение за формирање на Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членов,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018 г.

**Бр.09-591/12**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 45 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06),Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018 година ,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членов**

1.Со ова Решение се формира Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членов

2.За членови во Совет за јавно здравје на општина Чашка,се избираат

Ибраим Исмаилоски -член на Советот

Елизабета Дојчиновска- член на Советот

Сали Латифов –вработен во општина Чашка

д-р Мирјана Цинциева-доктор по општа медицина

прим.д-р Билјана Трајкова – специј.епидемиолог

3.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/15**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 33 став 1 точка 3 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.8/07), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за донесување на Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година**

Се објавува Заклучок за донесување на Програма за измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/13**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 24 став 1 точка 15 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.8/07), Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018г,донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За донесување на Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година**

1.Советот на општина Чашка донесе Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/17**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

**Програма за Измена и доплнување на Програма за спорт и здруженија на граѓани за 2018 година**

1. Програмата за спорт и здруженија на граѓани за 2018 година,бр.08-1247/13 од 15.11

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка
Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски

2017 година,се дополнува во точка 3 во табеларниот дел.

2.Измените се однесуваат на следното:

-На ФК Мартолци му се доделуваат плус **40.000,оо** денари,вкупно 60.000,оо денари.

-На ФК Согле од с.Согле му се доделуваат **20.000,оо** денари

Вкупно во Програмата се предвидуваат **270.000,оо денари**

| ред .бр | Правен субјект | висина на средства |
|---|---|---|
| 1. | ФК Јакупица од с.Г.Јаболчиште | 20.000 ден. |
| 2 | ФК Мартолци 2007 од с.Мартолци | 20.000 ден. + 40.000 ден |
| 3 | ФК Башкими од с. Горно Јаболчиште | 60.000 ден. |
| 4 | З.Г.Маја е Селаникут с.Г.Јаболчише | 25.000 ден. |
| 5 | НВО Амбиенталисти од с. Горно Јаболчиште | 25.000 ден. |
| 6. | ФК Бабуна од с.Мартолци | 60.000 ден. |
| 7. | ФК Согле | 20.000,ден |
| | **Вкупно** | **270. 000 ден.** |

3.Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/16**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 33 став 1 точка 3 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.8/07), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за отстранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка**

Се објавува Заклучок отстранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата на 20.03.2018

**Бр.09-591/14**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа Сл.весник на РМ бр 5/2002,Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За остранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка**

1.Советот на општина Чашка,му предлага на Градоначалникот да се изврши Отстранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка.

2.Градоначалникот да формира Комисија која што на лице место ќе увврди каде т.е.кај кои физички лица во нивните дворни места,на територијата на општина Чашка,се поставени бандери за јавно улично осветлување и да спроведе постапка за нивно отстранување.

3.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/18**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и за именување на член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка**

Се објавува Решение за разрешување и за именување на член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата 20.03.2018г.

**Бр.09-591/15**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа Сл.весник

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка
Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски

на РМ бр.5/2002г.,член 17 од Законот за Јавни претпријатија Сл.весник на РМ бр.38/96…..119/2013,и член 45 став 1 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06)Советот на општина Чашка на седницата на 20.03.2018година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и за именување на член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка**

1.Николче Богоевски од с.Извор се разрешува од член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашк,на негово барање.

2. За член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка,се именува Златко Петровски од с.Извор.

3.Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/19**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 ) и член 24 од Статутот на општина Чашка,(Сл.гласник на општина Чашка бр.2/06), Градоначалникот на Општина Чашка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижни ствари во КО Лисиче објект(поранешна амбуланта)сопственост на општина Чашка**

Се објавува Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижни ствари во КО Лисиче објект(поранешна амбуланта) сопственост на општина Чашка,што Советот на општина Чашка го усвои на седницата 20.03.2018г.

**Бр.09-591/16**
**21.03.2018 година**
**Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски с.р**

Врз основа чл.36 ст.1 т.10 и чл.50 ст.1 т.15 од Законот за Локалната Самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02), чл.5, 16, 28, 29 ст.8, 42-а,б,в,г,д и ѓ од Законот за користење и располагање на ствари на државни органи („Сл.Весник на РМ„ бр.08/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13 и 27/14 и 52/15), Советот на Општина Чашка на седница одржана на ден 20.03..2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за издавање под закуп на недвижни ствари во КО ЛИСИЧЕ Објект (поранешна амбуланта) сопственос на Општина Чашка**

**ОПШТИНА ЧАШКА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за издавање под закуп на следните недвижни ствари запишани на носителот на правото на сопственост - Општина Чашка со ЕМБС 6008488 со адреса/седиште на ул.„Илинденска„ бр. 8 Чашка:0

-Недвижни ствари со право на сопственост на Општина Чашка запишани на ИЛ бр.388 за КП 848 КО Лисиче, издаден од АКН-Одделение за катастар на недвижности - Велес: КО ЛИСИЧЕ Објект (поранешна амбуланта)

**Член 2**

Недвижната ствар од чл.1 на оваа Одлука се издава под закуп на период од 3 (три) години од денот на склучувањето на Договорот за закуп.

**Член 3**

Постапката за издавањето под закуп ќе се спроведе по пат на електронско јавно наддавање, согласно Законот за користење и располагање на ствари на државни органи („Сл.Весник на РМ„ бр.08/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13 и 27/14) по претходно утврдена почетна месечна цена на закупнина за предметната недвижност на оваа одлука .

Почетната месечна цена на закупнина за предметната недвижност предмет на електронското јавното наддавање ќе изнесува 0.5 % од пазарната вредност на недвижната ствар, која ќе ја утврди овластен проценител, согласно одредбите од Законот за процена („Сл.Весник на Р.М„ бр.115/10,158/11, 185/11 и 64/12) и Методологијата за утврдување на пазарна вредност донесена од Владата на РМ.

**Член 4**

Постапката за јавно наддавање ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Чашка, согласно Законот за користење и располагање на ствари на државни органи („Сл.Весник на РМ„ бр.08/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13 и 27/14),

**Член 5**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Чашка.

**Бр.08-537/20**
**20.03.2018 година**
**Чашка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА**
**Претседател**
**Фемих Бејлуров с.р**

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА Уредник: Бојанка Мирова
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка Техничка изработка: Марјан Јовановски

## СОДРЖИНА

1.З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за давање на Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година

2. Одлука за давање на Согласност на Годишен план за вработување во општина Чашка за 2019 година

3.З А К Л У Ч О К За објавување на Програма за изменување и дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во општина Чашка

4. Програма за изменување и дополнување на програма за изработка на урбанистички планови во општина Чашка

5. З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 510/1 КО Војница во идна урбанистичко-планска докуменација

6. Одлука за извршување вклопување на КП 510/1 КО Војница во идна урбанистичко-планска докуменација

7.З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 886 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација

8. Одлука за извршување вклопување на КП 886 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација

9.З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 481 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација

10. Одлука за извршување вклопување на КП 481 КО Мелница во идна урбанистичко-планска докуменација

11. З А К Л У Ч О КЗа објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 6541 КО Богомила во идна урбанистичко-планска докуменација

12. Одлука за извршување вклопување на КП 6541 КО Богомила во идна урбанистичко-планска докуменација

13. З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за извршување вклопување на КП 269 КО Оморани во идна урбанистичко-планска докуменација

14. Одлука за извршување вклопување на КП 269 КО Оморани во идна урбанистичко-планска докуменација

15. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка

16. Решение за формирање на Совет за заштита на потрошувачи на општина Чашка

17. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за спорт и млади

18. Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за спорт и млади

19. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка

20. Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на имиња на улици на територијата на општина Чашка

21. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на стипендирии на талентирани ученици

22. Решение за избор на Претседател и членови во Комисија за определување на стипендирии на талентирани ученици

23. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за формирање на Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членови

24. Решение за формирање на Совет за јавно здравје на општина Чашка и определување на членови

25. З А К Л У Ч О К За објавување на Заклучок за донесување на Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година

26. Заклучок за донесување на Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка

Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски

**27. Програма за Измена и дополнување на Програма за активности на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2018 година**

**28. З А К Л У Ч О К За објавување на Заклучок за отстранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка**

**29. Заклучок за отстранување на бесправно поставени бандери за јавно улично осветлување во приватни дворни места на физички лица на територијата на општина Чашка**

**30. З А К Л У Ч О К За објавување на Решение за разрешување и за именување на член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка**

**31. Решение за разрешување и за именување на член во Управниот Одбор на ЈПКД Тополка-Чашка**

**32. З А К Л У Ч О К За објавување на Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижни ствари во КО Лисиче објект(поранешна амбуланта)сопственост на општина Чашка**

**33. Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижни ствари во КО Лисиче објект(поранешна амбуланта)сопственост на општина Чашка**

Издавач: ОПШТИНА ЧАШКА
Ул.„Илинденска„ бр.8 , 1413 Населба Чашка

Уредник: Бојанка Мирова
Техничка изработка: Марјан Јовановски